[redacted] 05.09.24-4

( Образец ПП……)

До: **ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН**
Бул. Гоце Делчев бр. 18
Скопје

# **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]
e-mail [redacted]

05.09.2024

1004 718/1

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Записник од седница на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одржана на 09.07.2024 година

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

**Во Скопје, 05.09.2024 година .** ______________________

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

17.09 2024 година

**Архивски број:** 1004-718/2

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и заведено со наш број 1004-718/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ " бр.101/19).

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер со оглед на тоа што од Ваша страна до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се доставени жалби по кои е оформен предмет со број 0904-48.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative,Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 30. 09. 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1004 | 718/3 | | |

30б. 16.10.2024

[redacted] / Предмет е. 17.10.24г.

1

Врска 1004-718/2

До
Државна комисија за одлучување во управна постапка и
постапка од работен однос
вовторстепен
Скопје

Од
[redacted]

ПРЕДМЕТ: Укажување по известување и
барање за постапување согласно Закон

Во врска со Вашето известување архивски број 1004-718/2 од 17.09.2024 година ви укажувам на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер:

Член 3 став 1 точка 3 од Законот"информација од јавен карактер е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата ..."

Член 6 став 1 од Законот "Имателите на информации можат да одбијата барање за пристап до ...

Член 25 од Законот "Имателот на информации со решение може во целост или делумно да го одбие барањето, ако утврди дека бараната информација е информација од членот 6 став (1) од овој закон ... "

Член 20 став 1 од Законот "Ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе реѓение".

Барам по моето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер Ваш број 1007-718/1 поднесено на 05.09.2024 година да постапите согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Скопје, 30.09.2024 година

[redacted]

02.10

Reply all | Delete Junk |

Република Северна Македонија Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative,Procedurë të Marrëdhënies së Punësë dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 02.10.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1004 | 718/4 | | |

Зав. 16.10.2024

# 08-251

Zalbi <zalbi@aspi.mk>
Yesterday, 12:06 PM
DKZ kontakt; Natalija Stojanova Filipova; Daniela Radik

Reply all |

Inbox

жалба 08-251.pdf
601 KB

Show all 1 attachments (601 KB) Download

Почитувани,

До Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер доставена е Жалба заведена под бр.08-251 на 01.10.2024 година, од Барателот на информации [redacted] поднесена против Имателот на информации Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен .

Согласно член 107 став 1 од Законот за општата управна постапка, во прилог Ви ја доставуваме предметната Жалба, со целокупниот пропратен материјал, со цел во рок од 7 дена од денот на приемот да се произнесете по истата и да ја доставите целокупната документација со која располагате, во врска со предметната Жалба.

Со почит,

**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**
Бул. "Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 (02) 3127 453
Факс: + 389 (02) 3118 038
веб страна: www.aspi.mk

**Agency for protection of the right to free access to public information**
Address: bul."Goce Delcev", 18
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 (02) 3127 453
Fax: + 389 (02) 3118 038
web site: www.aspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacionet me karakter publik - Shkup

| Примено / Pranuar | 01. 10. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 251 | | |

(Образец ПП.......)

ДО

**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет:

ЖАЛБА

подносител:-----[redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел., фах, е-маил на барателот на информацијата)

жалбена основа:------------------------------------------------------------------------

ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ
ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД
РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОI СТЕНА
БУЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ БР.18 -СКОПЈЕ
ВО ЗАКОНСКИОТ РОК НЕ [illegible] РЕШЕНИЕ ПО
БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ОД 05.09.'24ГОД
ТУКУ САМО МИ ДОСТАВИ ИЗВЕСТУВАЊЕ

(податоци за имателот на информацијата, причините поради кои барателот не ја добил информацијата, број на решение со кое имателот го одбил барањето, или доказ за пропуштен рок од имателот)

(Правна поука: Против решението на Агенцијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор до надлежниот суд)

Во.....СКОПЈЕ

Датум:.....01.10.'24..... год.

----------[signature]----------

(с.р. потпис на жалителот)

[redacted] / Apoŭc.
[redacted] 22.10.24

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese ne Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено - Pranuar: 21.10.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 1004 | 71815 | | |

До Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен пристигнат/а е решение без пропратно писмо од страна на Агенцијата за пристап до инф. од јавен карактер

Дата 21.10.2024

Потпис [signature]

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 111 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015) а согласно член 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од [redacted] поднесена против Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 15.10.2024 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Жалбата изјавена од [redacted], поднесена против Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, заведена во Агенцијата под бр.08-251 на 01.10.2024 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.
2. СЕ НАЛОЖУВА на Имателот на информации да постапи по Барањето на Барателот согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
3. Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted], како што е наведено во Жалбата, на 05.09.2024 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со кое побарал да му се одговори на следната информација:

„Записник од седница на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одржана на 09.07.2024 година."

Како што се наведува во Жалбата, Имателот на информации на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок, поднел Жалба заведена во Агенцијата под бр. 08-251 на 01.10.2024 година.

Агенцијата преку е-маил,заведен под бр.08-251 од 01.10.2024година, ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот утврди дека Имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во законски предвидениот рок не ги доставил бараните информации до Барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, ниту донел управен акт согласно горенаведениот Закон, поради што согласно

член 20 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се смета дека Барањето е одбиено.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-251
15.10 20 24 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

Примено: 31.10.2024

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

29.10 2024 година

**Архивски број:** 1004-718/6

**До: Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Предмет: Известување**
**Врска: Ваш број 08-251 од 15.10.2024 г.**

Почитувани,

Во врска со Решението со Ваш број 08-251 од 15.10.2024 г. на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кое сте постапиле по жалбата изјавена од [redacted] Ве известуваме за следново:

По добивање на Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од лицето [redacted] Државната комисија изготви Известување со број 1004-718/2 и истото го достави до подносителот на барањето. Притоа, како што е наведено и во самото известување, поднесеното барање од лицето Ацо Стојановски не може да се третира како барање од јавен карактер. Во конкретниот случај се работи за барање од личен карактер, што може да се види од жалбите кои лицето [redacted] ги има доставено до Државната комисија.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**

Прилог: Жалби од лицето Ацо Стојановски (фотокопија)
- Известување број 1004-718/2 од Ацо Стојановски (фотокопија)

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

| Арх. знак/Shenja arkivore |
|---|
| Рок на чување/Afati i ruajtjes |
| 20 ___ год./Viti |
| Потпис/Nënshkrimi |

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 20.11.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1004 | 718/7 | | |

Заведен 21.11.2024

ДО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА, ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ВТОР СТЕПЕН

ПРИСТИГНАТ/А Е жалба по електронски пат БЕЗ ПРОПРАТНО ПИСМО ОД

СТРАНА НА Агенција за слободен пристап до информации од јавен карактер

ДАТА

20.11.2024

ПОТПИС

[signature]

(Образец ПП.......)

До Врска 08-251

**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**
Бул. Гоце Делчев бр. 18
Скопје

20.11.2024
08 251

# ЖАЛБА

Од: [redacted]

Скопје
тел. [redacted]
e-mail [redacted]

Согласно член 20 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во законскиот рок поднесувам втора жалба поради неовозможување на пристап до барана информација од јавен карактер.

На 05.09.2024 година до
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен** (по ново **Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен)**
Бул. Гоце Делчев бр. 18
Скопје

поднесов барање за пристап до информации од јавен карактер со кое од имателот ја побарав следната информација од јавен карактер:

Записник од седница на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одржана на 09.07.2024 година

На 01.10.20024 година до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер поднесов жалба поради неовозможување на пристап до барана информација од јавен карактер.

На 15.10.2024 години Агенцијата донела Решение Бр. 08-251.

**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен** (по ново **Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен)** не ми овозможи пристап до бараната информација, не донесе и не ми достави решение.

Скопје, 20.11.2024 година

[redacted]

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка,
постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

28.11 2024 година

Архивски број: 1004-718/8

ДО
**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: Доставување одговор на жалба со списи**

Почитувани,

Во врска со поднесената жалба од страна на лицето [redacted] а која преку електронска пошта од Ваша страна на ден 20.11.2024 г. е доставена до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и аведена под број 1004-718/7, во прилог Ви го доставуваме следниов одговор на жалба:

На ден 05.09.2024 г. од страна на лицето [redacted] до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( со нов назив Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен ) доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е заведено под борј 1004-718/1. Во барањето е наведено дека подносителот бара да му биде доставена следнава информација:

- Записник од седница на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одржана на ден 09.07.2024 г.

Притоа, во барањето е наведено дека начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е електронски запис, а начинот на доставување на информацијата е по пошта и по е – маил.

Постапувајќи по истото, Државната комисија изготви Известување со архивски број 1004-718/2 од 17.09.2024 г. , кое го достави до подносителот на барањето. Во известувањето е наведено дека Барањето кое го има има


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

доставено подносителот не може да се третира како барање од јавен карактер согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ бр.101/19). Во конкретниот случај се работи за барање од личен карактер од причина што од страна на лицето Ацо Стојановски се доставени жалби по кои е оформен предмет со број 0904-48.

Незадоволен од доставеното Известување, [redacted] достави жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која на ден 02.10.2024 г. е доставена до Државна комисија. Но, поради донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на РСМ“ бр.194/2024), а заради постапка за промена на називот на комисијата и промена на печатите, Државната комисија не беше во можност да достави одговор на поднесената жалба.

Постапувајќи по поднесената жалба, од Ваша страна е донесено Решение број 08-251 од 15.10.2024 г. со кое се уважува жалбата изјавена од Ацо Стојановски се уважува и се наложува на Имателот на информацијата ( во конкретниот случај Државната комисија) да постапи по Барањето на Барателот согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по решението, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен до Вас достави Известување број 1004-718/6 од 29.10.2024 г. во кое е наведено дека по добивање на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија изготви Известување број 1004-718/2 кое е доставено до подносителот на барањето. Притоа, како што Ве известивме во однос на Барањето за пристап до информации од јавен карактер од лицето Ацо Стојановски, во конкретниот случај се работи за барање од личен карактер, што може да се види од жалбите кои лицето [redacted] ги има доставено до Државната комисија.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, произлегува дека Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и

инспекциски надзор веќе има постапено по поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер од лицето [redacted] со Известување број 1004-718/2 од 17.09.2024 г. Поради тоа, предлагаме дека поднесената жалба од лицето Ацо Стојановски **ДА СЕ ОДБИЕ КАКО НЕОСНОВАНА.**

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

***Прилог:*** *Барање за приспат до информации од јавен карактер (фотокопија)*

- *Известување до [redacted] со наш број 1004-718/2 од 17.09.2024 г. (фотокопија)*
- *Известување до Агенција за слободен пристап до инфомрации од јавен карактер број 1004-718/6 од 29.10.2024 г. (фотокопија)*

***Изготвил:*** *Наталија С. Филипова*

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

02.12 2024 година

**Архивски број:** 1004-718/9

**ДО**
**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: Дополнување одговор на жалба број 1004-718/8 од 28.11.2024 г.**

Почитувани,

Во врска со поднесената жалба од страна на лицето [redacted] а која преку електронска пошта од Ваша страна на ден 20.11.2024 г.Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен на ден 28.11.2024 г. достави одговор на жалба со списи број 1004-718/8.

Како дополнување кон доставениот одговор на жалба, Ви доставуваме примероци од жалбите во фотокопија кои лицето [redacted] ги има доставено до Државната комисија и по истите е оформен предмет со број 0904-48. Од доставените жалби може да се утврди дека во конкретниот случај поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер не е барање од јавен карактер согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку барање од личен карактер.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

***Прилог:*** *Жалби од лицето Ацо Стојановски (фотокопија)*

***Изготвил:*** *Наталија С. Филипова*

05.12.2024

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

05.12 2024 година

**Архивски број:** 1004 - 718 /10

**ДО**
**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: Дополнување одговор на жалба број 1004-718/8 од 28.11.2024 г.**

Почитувани,

Во врска со поднесената жалба од страна на лицето [redacted], а која преку електронска пошта од Ваша страна на ден 20.11.2024 г.Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен на ден 28.11.2024 г. достави одговор на жалба со списи број 1004-718/8 од 28.11.2024 г. и дополнување одговор на жалба број 1004-718/9 од 02.12.2024 г.

Како дополнување кон доставениот одговор на жалба и дополнување одговор на жалба, Ви укажуваме дека Записникот од 09.07.2024 г. кој е предмет на Барањето за пристап до информации од јавен карактер е составен дел на предметот 0904-48 кој е оформен по жалбите поднесени од страна на лицето Ацо Стојановски.

Од сето наведено во Одговорот на жалба, првото дополнение на жалба, како и од погоре наведеното, произлегува дека во случајот на лицето [redacted] се работи за барање од личен карактер.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

***Прилог:*** *Жалби од лицето Ацо Стојановски (фотокопија)*

***Изготвил:*** *Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

ДО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА, ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ВТОР СТЕПЕН

ПРИСТИГНАТ/А Е [illegible] БЕЗ ПРОПРАТНО ПИСМО ОД СТРАНА НА Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative Procedurë të Marrëdhenies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 18.12.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1004 | 7/8/11 | | |

ДАТА

18.12.2024

ПОТПИС

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 109 став 1 и 2 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а согласно член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и согласно одредбите на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од [redacted], поднесена против Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, на 05.12.2024 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата од [redacted] поднесена против Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, заведена во архивата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер под бр.08-251 на 28.11.2024 година **СЕ ОТФРЛА како недопуштена**.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted], како што е наведено во Жалбата, на 05.09.2024 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со кое побарал да му се одговори на следната информација:

„Записник од седница на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одржана на 09.07.2024 година."

Како што се наведува во Жалбата, Имателот на информации на ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, поради што Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок, поднел Жалба заведена во Агенцијата под бр. 08-251 на 01.10.2024 година.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, постапувајќи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата, со Решение бр.08-251 од 15.10.2024 година Жалбата **ЈА УВАЖИ,** и му наложи на Имателот на информации да постапи по Барањето согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имателот на информации на 31.10.2024 година до Агенцијата достави Известување бр.1004-718/6 од 29.10.2024 година по постапено Решение на Агенцијата, заведено во Агенцијата под бр.08-251. Во Известувањето е наведено: „...Државната

комисија изготви Известување со број 1004-718/2 и истото го достави до подносителот на барањето. Притоа, како што е наведено и во самото известување, подносеното барање од лицето [redacted] не може да се третира како барање од јавен карактер. Во конкретниот случај се работи за барање од личен карактер, што може да се види од жалбите кои лицето [redacted] ги има доставено до Државната комисијата." Во прилог достави пет Жалби поднесени од страна Барателот [redacted] до Имателот на информацијата - Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со бр.0904-48/24 од 19.04.2024 година; 0904-48/24 од 02.07.2024 година; 0904-48 од 23.02.2024 година; 0904-48/24 од 27.05.2024 година и 0904-48/24 од 01.04.2024 година.

На 20.11.2024 година Барателот на информации до Агенцијата достави Жалба, заведена во Агенцијата под бр.08-251. Во Жалбата наведува дека Имателот на информации „не ми овозможи пристап до бараната информација, не донесе и не ми достави решение".

Агенцијата преку е-маил,заведен под бр.08-251 од 20.11.2024година, ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации на 28.11.2024 година до Агенцијата достави допис Доставување одговор на жалба бр.1004-718/8 од 28.11.2024 година, со кој останува на наводите на Известувањето доставено до Агенцијата на 31.10.2024 година.

Имателот на информации на 02.12.2024 година до Агенцијата достави „Дополнување одговор на жалба" бр.1004-718/9 од 02.12.2024 година, во која наведува: „Како дополнување кон доставениот одговор на жалба, Ви доставуваме примероци од жалбите во фотокопија кои лицето [redacted] ги има доставено до Државната комисија и по истите е оформен предмет со број 0904-48. Од доставените жалби може да се утврди дека во конкретниот случај поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер не е барање од јавен карактер согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку барање од личен карактер." Во прилог ги достави три дополнителни Жалба од лицето [redacted] до Државната комисија, со бр.0904-48/24 од 19.04.2024 година; 0904-48/24 од 01.04.2024 година и 0904-48/24 од 23.02.2024 година.

Имателот на информации на 05.12.2024 година до Агенцијата достави допис „Дополнување одговор на жалба" бр.1004-718/10 од 05.12.2024 година. Во Дополнувањето е наведено: „...Ви укажуваме дека Записникот од 09.07.2024 г. кој е предмет на Барањето за пристап до информации од јавен карактер е составен дел на предметот 0904-48 кој е оформен по жалбите поднесени од страна на лицето [redacted] Од сето наведено во Одговорот на жалба, првото дополнение на жалба, како и од погоре наведеното, произлегува дека во случајот на лицето [redacted] се работи за барање од личен карактер."

Постапувајќи по Жалбата, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер истата **ја отфрли како недопуштена**, поради следното:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од

јавен карактер утврди дека Барањето на Барателот, поднесено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен на 05.09.2024 година, не претставува барање за пристап до информации од јавен карактер, туку станува збор за барање од надлежност на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, која била должна да постапи согласно своите надлежности, кои произлегуваат од материјалните закони по кои работи Државната комисија.

Од списите во предметот, Агенцијата утврди дека во конкретниот случај Барателот на информации, неосновано повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и занемерувајќи го јавниот интерес регулиран во чл.3 ст.1 алинеја 7 од истиот Закон, поднел барање за пристап до информации кои имаат личен карактер.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на жалителот му укажува дека целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, е на физичките и правните лица да им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, а не негова законски неоснована и несоодветна примена.

Остварувањето на "јавниот интерес" подразбира остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците.

Согласно погоре наведеното, Агенцијата му укажува на жалителот дека своите права и приватни (лични) интереси може и треба да ги остварува пред се согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои тој се јавува како странка и правната заштита може да ја бара согласно тие закони.

Согласно погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

ПРАВНА ПОУКА:Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рокод 30 дена.

Директор,
Пламенка Бојчева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
08 - 251
05.12 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP